Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 02/08, 167/10 и 51/11 ) а во врска со член 7 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09 и 188/13, и 192/15), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА
# ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Министерството за правда ( во натамошниот текст Министерството).

### Член 2

Средствата за репрезентација можат да се користат за следните намени:

- За безалкохолни пијалоци, вода, кафе, напитоци од кафе, чај, апетисани и слично;
- За угостителски услуги кои се во непосредна врска со извршување на одредена службена работа ( Службен ручек, вечера, закуска или коктел послужување – кетеринг и слично);
- За набавка на подароци за посебни пригоди, како предмети (сувенири) и книги кои го отсликуваат културното и историско наследство на Република Македонија, марами, вратоврски, нотеси,канцелариски прибор - пенкала, календари и друг репрезентативен материјал и
- За останати намени кои имаат карактер на репрезентација (за изработка на покани, честитки, промотивни и слични материјали) .

**Член 3**

Средствата за репрезентација може да се користат на начин и под услови утврдени со овој правилник, во согласност со актите, упатствата и процедурите со кои се уредува евиденцијата, контролата и плаќањето на влезната документација за оваа намена.

**Член 4**

Право на користење на средства за репрезентација имаат:

1. Министерот,
2. Заменик министерот,
3. Државниот секретар,
4. Државните советници,
5. Раководителите на сектори и
6. Други лица кои писмено ќе ги овласти министерот.

Висината на средствата за репрезентација за секој корисник поединечно, со решение ја определува министерот.

Секој корисник на репрезентација одговорен е за економично и целисходно трошење на средствата за репрезентација.

**Член 5**

Средствата за репрезентација на Министерството се планираат во рамки на основниот буџет, сметка 637, програма 10, категорија 42 – стоки и услуги, ставка 426 – други тековни расходи, потставка 426210 – расходи за репрезентација на месечно ниво.

**Член 6**

Секторот за финансиски прашања, месечно ги следи износите по корисници на правото на репрезентација согласно овој правилник и решенијата за висината на репрезентацијата и согласно утврдените намени и лимити за користење на репрезентација.

На месечно ниво се следат трошоците за репрезентација за сите намени и доколку има пречекорување на реализираните средства во однос на планираните писмено се известува министерот.

Со следење на трошоците за репрезентација се обезбедува наменско, рационално и економично однесување во трошењето на средства за овие намени.